**Ип 1 бр. 57-20**
**Датум: 21.03.2025 година**

Архивски знак:
Shenja arkivore:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
_____20___година Потпис
Viti Nënshkrimi

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Асоцијација за фолклор „Плетенка“ – Битола | |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул. „Бихаќ“ бр. 11 - Битола | |
| Адреса за е-пошта | pletenka@yahoo.com | |
| Телефон | ( | |
| Матичен број на субјектот | 5489385 | |
| Даночен број на субјектот | 4002001144747 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | 290000000359-31 | |
| Банка депонент | ТТК банка - Скопје | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме: , претседател | Телефон ( | Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | <u>**2. ВОНРЕДЕН**</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 18.03.2025 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 21.03.2025 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.00 |
| Назив на објектот каде се врши надзорот | Асоцијација за фолклор „Плетенка“ – Битола (**во натамошниот текст: Плетенка**) | | |
| Главна дејност на објектот каде се врши надзорот | Уметничко творештво (шифра 90.03) | | |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | Ул. „Стив Наумов“, простории на месна заедница „Коле Лачето“, Битола | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на Налогот од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура и туризам (**во натамошниот текст: МКТ**), бр. 57-20 од 17.03.2025 г. и Месечниот план

бр. 57-953/2 од 04.03.2025 г., за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура и туризам за месец март 2025 година, а во врска со Иницијативата бр. 21-1156/1 од 12.02.2025 г., поднесена од Секторот за дејностите од областа на културата и уметноста на МКТ, во којашто е наведено дека Плетенка нема доставено Наративен и финансиски извештај за реализација на проектот **Годишен концерт на Асоцијацијата за фолклор "Плетенка"-Битола** во 2024 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Зоран Маркозанов, виш инспектор при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура култура и туризам (**во натамошниот текст: СУИН на МКТ**).

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на обврските од член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19 - **во натамошниот текст: ЗК**), односно наменското користење на преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МКТ, во износ од 75.000 денари, прведени како прва исплата за реализација на проектот **Годишен концерт на Асоцијацијата за фолклор "Плетенка"-Битола** во 2024 година, согласно со Договорот за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на фолклорот за 2024 г., бр. 21-3541/1 од 12.03.2025 г., како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација.

**Основ**: член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 265/24 - **во натамошниот текст: ЗК**) и член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр. 102/19 и 272/24 - **во натамошниот текст: ЗИН**)

6) Во извршувањето на инспекцискиот надзор не е употребена листа за проверка од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| претседател | | |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор не учествуваа други лица.

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

10.1.- По поднесената Пријава бр. УП1-3089/2023 од 08.11.2023 г., на Годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата од обласга на фолклорот за 2024 година, со Решение на министерот за култура бр. УП1-3089/2023 од 08.02.2024 г., прифатен е проектот на Плетенка - **Годишен концерт на Асоцијацијата за фолклор "Плетенка"-Битола** (за чијашто реализација доделени се средства во износ од 94.900 денари).

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор за учество во финансирање на проект од национален интерес во културата од областа на фолклорот за 2024 г., бр. 21-3541/1 од 12.03.2024 г., со којшто одобрени се средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 94.900 денари за реализација на проектот **Годишен концерт на Асоцијацијата за фолклор "Плетенка"-Битола** во 2024 г., наменети за: хонорари, изнајмување на сала, изнајмување на озвучување, превоз на гости и коктел вечера.

На 16.04.2024 г. Плетенка првично доставила Образец за наративен и финансиски извештај за реализација на проектот, наместо Образец за оперативен и финансиски план, заведен во МК под бр. 21-3541/2 од 16.04.2024 година. По укажување од вработените во соодветниот сектор во МКТ, Плетенка доставила Барање за исплата на средства, дури на почетокот на октомври 2024 г. (заведено во МК под бр. 21-8818/1 од 03.10.2024 г.), заедно со Изјава за наменско користење на финансиските средства и Образец за оперативен и финансиски план за користење на одобрените буџетски средства, во којшто е предвидена следната намена на средствата: Хонорар за проектниот координатор – 30.000 денари, Изнајмување на сала – 18.000 денари, Изнајмување на озвучување – 10.000 денари, Превоз на гости за концертот – 13.000 денари и Коктел вечера за учесниците на концертот – 23.900 денари.


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

- Со Решение за преведување на средства бр. 21-3541/3 од 28.10.2024 г., МК превело на жиро сметката на Плетенка 75.000 денари како прва исплата за реализација на проектот Годишен концерт на Асоцијацијата за фолклор “Плетенка“-Битола.

10.2.- Во однос на обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (4) и (6) од Договорот со МКТ, во рок од еден месец од денот на реализацијата на проектот на соодветен образец до МКТ да биде доставен наративен и финасиски извештај за реализацијата на проектот, при надзорот е утврдено дека Плетенка не доставила Образец за наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот. Според изјавата на претседателката , извештај не е доставен бидејќи таа сметала дека извештајот треба да го достави дури по целосната исплата на средства од страна на МКТ. Меѓутоа, во член 7 став (1) од Договорот со МКТ, јасно е прецизирано дека целосното исплаќање на средства МКТ ќе го изврши по реализацијата на проектот и по прифаќањето на извештајот за реализација на проектот.

10.2.- Според изјавите на присутното лице и презентираната фото документација и видео клипови, при надзорот е констататирано дека проектот Годишен концерт на Асоцијацијата за фолклор “Плетенка“-Битола е реализиран на 05.06.2024 г. во салата на Центарот за култура во Битола, со настап на трите играорни ансамбли на Плетенка (детскиот, младинскиот и првиот ансамбл), со присуство на бројна публика (според присутното лице околу 600 гледачи) и гости од Културно уметничкото друштво „Лозово“ од с. Лозово, Велешко. При надзорот се презентирани фотографии од настапот на трите ансамбли, од плакат, билети за концертот, и сл.

- Трошоците за реализација на проектот, со средствата од Буџетот на РСМ, преку МКТ, како и ненамирената обврска по проектот, се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р.бр | Доверител | Намена | Трошоци | Обврски | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | од Битола | Хонорар за проектен координатор - обучувач | 30.000 | | -Исплатен хонорар на трансакциска сметка (бруто) по Договор за дело од 01.10.2023 г.<br>-Банковен извод 46 од 28.05.2024г. |
| 2. | НУ Центар за култура - Битола | Изнајмување на сала | 17.000 | | -Платено по Договор бр. 16-210/2 од 29.04.2024 г. и Фактура бр. 45 од 30.05.2024 г. |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | -Банковен извод 58 од 23.07.2024 г. |
| 3. | „Визант Тоурс“ДООЕЛ -Прилеп | Превоз на патници | 15.750 | | - Платено по Фактура бр. 27/24 од 16.09.2024 г.<br>-Банковен извод 72 од 30.09.2024 г. |
| 4. | „Стифи БТ“ ДООЕЛ – Битола и „Тинекс“ДООЕЛ-Скопје | Набавка на сендвичи и пијалаци за коктел | 5.620* | | - Платено по 2 фискални сметки од благајна |
| 5. | од Битола | Изнајмување на опрема за озвучување | | 12.000 | - Ненамирена обврска по Договор од 20.04.2024 г. |
| **Вкупно:** | | | **68.370 денари** | **12.000 денари** | |
| **Цена на чинење на проектот:** | | | **80.370 денари** | | **Преостаната обврска од МКТ во износ од 5.370 денари** |

* Според изјавата на претседателката , со оглед дека средствата од МКТ не биле добиени пред реализацијата на проектот, не е организирана коктел вечера, туку за учесниците на концертот се набавени сендвичи и безалкохолни пијалаци.

При инспекцискиот надзор од страна на претседателката на Плетенка не се презентирани други трошоци или ненамирени обврски за проектот, за намени коишто се предвидени со Образецот за оперативен и финансиски план, поради што е утврдено дека при реализацијата на проектот се потрошени 80.370 денари, односно, помалку средства од вкупно одобрените со Договорот со МКТ.

Направените трошоци за реализација на проектот се согласно со Оперативниот и финансиски план, којштo, согласно со член 1 став (2) е составен дел на Договорот со МКТ. Обврската за изнајмување на озвучување е повисок од износот предвиден за таа ставка во Образецот за оперативен и финансиски план (за 2.000 денари), но таа при надзорот е утврдена како наменска обврска, со оглед дека согласно со член 11 став (2) и став (4) од Договорот со МК, корисникот има право да изврши измени од помал обем, односно промени во износот на намените утврдени во Образецот во

износ до 15% од вкупниот износ на средства, без притоа корисникот да побара пренамена, односно да се склучи анекс кон договорот.

Според изјавата на присутното лице [redacted] ненамирената обврска од 12.000 денари по Договорот за изнајмување на опрема за озвучување ќе биде платена по преведувањето на преостанатата обврска од МКТ.

**Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека:**

1. **Плетенка го реализирала проектот Годишен концерт на Асоцијацијата за фолклор "Плетенка"-Битола, за којшто од Буџетот на РСМ, преку МК, му се авансно преведени средства во износ од 75.000 денари (од вкупно 94.900 денари одобрени со Договорот со МКТ).**

2. **При надзорот е утврдено дека проектот е реализиран со 80.370 денари, а при тоа не се презентирани други трошоци за намени коишто се предвидени со Образецот за оперативен и финансиски план. МКТ има преостаната обврска кон Плетенка по основ на Договорот бр. 21-3541/1 од 12.03.2024 г. во износ од 5.370 денари.**

3. **Во однос на обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (4) и (6) од Договорот со МК, во рок од еден месец од денот на реализацијата на проектот на соодветен образец до МК да биде доставен наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот, при надзорот е утврдено дека Плетенка не доставила наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.**

   **- Оттука, согласно со член 85 т. 1 од ЗК, а во врска со член 79 став (2) т. 6 од ЗИН, инспекторот ќе преземе инспекциска мерка: ќе донесе решение со опомена со коешто ќе биде определен рок за отстранување на горенаведената неправилност од точката 3., односно Плетенка до соодветниот сектор во МКТ да достави образец со наративен и финасиски извештај за реализацијата на проектот.**

Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br><br>претседател | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br>Зоран Маркозанов, виш инспектор | |
| Датум: 08.04.2025 | ____03.2025 г. | Датум: | 21.03.2025 г. |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk